РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-2739
06.03.2019 година
СКОПЈЕ

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

| Примено: | 06.03.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 173/1 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 145 став 1 и член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиските програми од трет циклус докторски студии по Музички науки и Музичка интерпретација и композиција на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус докторски студии по Музички науки и Музичка интерпретација и композиција на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје .
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, се обрати со барање бр. 03-806/1 од 19.10.2018 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-2739 од 22.10.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус докторски студии по Музички науки; Решение за акредитација бр. 1409-229/2 од 16.10.2018 година, и Музичка интерпретација и композиција; Решение за акредитација бр. 1409-229/3 од 16.10.2018 година, издадени од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-2739 од 01.11.2018 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 04.12.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-2739 од 21.02.2019 година, каде е наведено дека за студиските програми од трет циклус докторски студии по Музички науки и Музичка интерпретација и композиција на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- Факултет за музичка уметност/УКИМ-Скопје
- Архива

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti